ЗДРУЖЕНИЕ НА
КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА
ул. Босфор бр. 1 - Илинден, Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: president@zklm.org

IFATCA MEMBER

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
М-НАВ АД Скопје - M-NAV SHA Shkup
Примено: / Pranuar më: 09. 11 2022

| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| 03-1473/1 | | | |

До:

Претседател на УО на М-НАВ а.д. Скопје

и Извршен Директор на СВН,

Заменик Директор на СВН,

Раководител на Одделение АПП и ТВР Скопје

Раководител на Одделение за безбедност, обезбедување и квалитет Скопје

# Б А Р А Њ Е

Почитувани,

Ви се обраќам во име на членовите на ЗКЛМ и барам во Упатството за давање услуги во воздушниот сообраќај, во вториот дел „Технологија на работа на одделенијата на контрола на летање“ **да се укине Комбинираното работење на секторите TWR и APP заедно, односно да се избрише Поглавје 4, од Глава III.**

Сакам да Ве известам дека режимот на Комбинирано работење на кула беше воведено како привремена алатка пред многу години а стана редовна пракса и се однесува на секоја ноќна смена за периодот од 01:30 до 04:30 локално време.

Според Технологијата на работа извршителот кој работи комбинирано опслужување на секторите TWR и АПП „може да векторира само еден воздухоплов во приод а вкупниот број на IFR воздухоплови во воздух не смее да биде поголем од два.“

Листинзите од фактичката ситуација (бројот на воздухоплови во тој период од ноќта) особено од секоја летна сезона, укажуваат на многу поголема бројка во ноќната смена. Па така извршителот на комбинираното работење има додатен “workload“ со цел изнаоѓање решенија како да го опслужи сообраќајот во пропишаните рамки и често го зголемува workload-от  и на извршнниот обласен контролор во тој период кој мора да му асистира во спроведувањето на истото.

Зимскиот период пак повлекува поинакви активности на кула и согласно временските услови Контролорот на летање кој извршува комбинирано работење на секторите TWR и APP заедно не знае што попрво да направи: дали да координира со зимска служба чистење на писта, дали да векторира авион во приод или да префрла веќе полетан воздухоплов на следниот сектор.

SINGLE MAN OPERATION на меѓународно ниво се избегнува за позицијата Контролор на летање https://ifatca.wiki/kb/wp-2001-159/, дури кај нашите колегите во Полска беше една од точките за штрајк: https://www.euronews.com/travel/2022/04/27/poland-plans-to-drastically-reduce-flights-to-warsaw-as-staff-threaten-to-quit-their-jobs.

Во СВН при М-НАВ а.д. Скопје, кога Контролорот на летање работи комбиниран режим на работа, не само што е SINGLE MAN OPEARTING справувајќи се со негативните последици на ноќната работа,(Folkard,Condon study: Night Shift Paralysis in Air Traffic Control Officers, 1987), туку опслужува две позиции во сообраќај кој понекогаш е поголем и од сообраќајот во дневна смена.

Праксата за комбинирано работење стана секојдневие и поради намален број на извршители во Одделението АПП и ТВР Скопје поради заминување на постарите колеги во пензија а тоа се решава со обука на нови кадри.

Бараме укинување на комбинираното работење – опслужување на секторите TWR и APP заедно со цел да го задржиме нивото на квалитет во давањето на услуги за воздухопловна навигација а при тоа да го зачуваме здравјето и продолжиме работниот век на контролорите на летање од Одделението АПП и ТВР Скопје.

Со почит,

Скопје, 08.11.2022

Здружение на контролори на летање на Македонија ЗКЛМ Илинден

Наташа Мијат Крстевска

Претседател на ЗКЛМ